**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ИЗРАБОТКА И УСВОЈУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ СТАНДАРДИ И ДРУГИ СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ

**Бр.03-2111/3 од 09.11.2006 година**

Скопје, септември 2007 година

Врз основа на член 25, став 1, алинеја 10 од Статутот на ИСРМ бр.07-124/2 од 11.02.2004 година, Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија на 17 седница одржана на 04 септември 2007 година донесе:

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ИЗРАБОТКА И УСВОЈУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ СТАНДАРДИ И ДРУГИ СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ**
**Бр.03-2111/3 од 09.11.2006 година**

**Член 1**

Во член 2 од Правилникот за изработка и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациски документи,

во став 2, зборовите "Во согласност со членот 26 од Статутот на Институтот (во натамошниот текст Статут)" се бришат.

**Член 2**

Во член 3 од Правилникот за изработка и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациски документи,

во став 1, зборовите "Во согласност со членот 23 од Законот за стандардизација" се бришат.

**Член 3**

Во член 13 од Правилникот за изработка и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациски документи,

после став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

> “Во случај кога нема иницијатива од заинтересирани страни за стандардизација, иницијативата од став 1 на овој член може да ја поднесат по службена должност органите на Институтот.”

Ставовите 2, 3, 4 и 5 стануваат ставови 3, 4, 5 и 6.

**Член 4**

Во Член 20 од Правилникот за изработка и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациски документи,

Во став 2, зборовите "Во согласност со членот 18 став 1, " се бришат.

**Член 5**

Во член 24 од Правилникот за изработка и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациски документи, кратенката "ЕН" која е во кирилично писмо, се заменува со кратенката "EN".

**Член 6**

Правилникот влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ИСРМ

04 септември 2007 година | СОФИЈА КУЗМАНОВСКА

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во Правилникот за изработка и усвојување на македонските стандарди и други стандардизациски документи бр.03-2111/3 од 09.11.2006 година, направените изменувања во најголемиот дел се однесуваат на бришење на зборовите кои значат повикување на одредени членови од Правилникот, Статутот и Законот за стандардизација.

Ова е од причина што членот во Правилникот никогаш не почнува со повикување на одредби од напред наведените прописи. Тоа е својствено и се практикува при изработка на поединечни конкретни правни акти (одлуки, решенија и сл).

Постапката за усвојување на македонски стандарди започнува со поднесување на иницијатива од заинтересирани старни како што се предвидува со член 13 став 1 од Правилникот. Со дополнување на новиот став 2, се регулира и отпочнување на постапката во случај кога за определени европски стандарди нема предлагач односно заитересирана страна. Согледувајќи го условот 7 за полноправно членство во европските тела за стандардизација, усвојување на минимум 80% од европските стандарди, во случај кога определени стандарди директно не ги засегаат интересите на стопанството и потрошувачите или не се директно поврзани со одредбите од националната регулатива, се предлага органите на Институтот: Собрание (членови), Советот и директорот на Институтот да ја отпочнат постапката за нивно усвојување.